АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.04.2025 | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 1734/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14 април 2025 година

4. **Предмет на надзорот:**

- **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и* *__кадровски услови__* *во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“*; и

- **Член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, да има најмалку:* ***__...20 (дваесет)__*** *лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит“* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат треба да биде во редовен работен однос“.*

5. **Претходно изречена мерка:** Покрената е постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**Образложение:** На 03.04.2025 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) побара од Агенцијата за вработување на РС Македонија да ѝ достави податоци за бројот на вработени во ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје.

На 04.04.2025 година, Агенцијата за вработување ја извести АВМУ дека *„...согласно евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на регистрирани невработени лица и пријави / одјави во / од задолжително социјално осигурување, за правното лице Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје со ЕМБС 7180845 и ЕДБ 4028017531162,* ***бројот на вработени на 03.04.2025 година изнесува 18****, а на 31.03.2025 година изнесува 18“.*

Имајќи го предвид ова, АВМУ истиот ден изврши вонреден административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-1628/1 од 04.04.2025 година), со кој беше констатирано дека ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје не ги исполнува минималните кадровски услови, поради што Советот на АВМУ, на својата 15 седница одржана на 04.04.2025 година, покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер. За покренатата постапка, на 07.04.2025 година беше доставено писмено известување до радиодифзуерот (УП1 бр. 08-105), кое беше уредно примено од негова страна.

На 10.04.2025 година, АВМУ по вторпат се обрати до Агенцијата за вработување и побара податоци за бројот на вработени во ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, за 9-ти и 10-ти април 2025 година.

Според податоците коишто Агенцијата за вработување ги достави на 11.04.2025 година, *„...за правното лице Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје со ЕМБС 7180845 и ЕДБ 4028017531162,* ***бројот на вработени на 09.04.2025 и 10.04.2025 година изнесува 1...“.***

7. **Предлог мерка:** Со оглед на фактот дека ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје не ја исполни обврската од член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), а имајќи го предвид членот 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- Советот да донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***